Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06 ), а во врска со член 43 од Деловникот за работата на Владата на Република Македонија(„Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03 и 67/03), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 07.04.2006 година, донесе:

# ОДЛУКА

## ЗА ОБРАЗУВАЊЕ НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА ИНТЕГРИРАНО ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се образува Национална комисија за интегрирано гранично управување (во натамошниот текст: Национална комисија) и се определуваат нејзините задачи и состав.

Член 2

Националната комисија се образува како помошно тело на Владата на Република Македонија.

Член 3

Националната комисија се состои од претседател, членови и секретаријат.

За претседател, членови и секретаријат на Националната комисија се именуваат постојниот национален координатор, членовите и секретаријатот на Меѓуминистерската работна група за имплементација на Националниот акционен план за интегрирано гранично управување во Република Македонија.

Член 4

Задачи на Националната комисија се:

- предлага на Владата на Република Македонија мерки и активности во врска со развојот и унапредувањето на системот на интегрирано гранично управување;
- ја спроведува Националната стратегија за интегрирано гранично управување и Националниот акционен план за интегрирано гранично управување;

- ја унапредува соработката, размената на податоци и информации, како и координацијата помеѓу државните органи кои имаат надлежности во граничното управување;
- ја следи состојбата со човечките ресурси во државните органи кои имаат надлежности во граничното управување, а кои се врзани со нивните одговорности за граничното управување;
- дава мислење на годишниот извештај на Националниот координативен центар за гранично управување;
- остварува меѓународна соработка во врска со активностите за интегрираното гранично управување и
- дава други предлози на Владата на Република Македонија од значење за интегрираното гранично управување

Член 5

Стручно административните работи на Националната комисија ќе ги врши Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија

Член 6

Националната комисија ќе доставува до Владата на Република Македонија извештај за својата работа најмалку еднаш годишно.

Член 7

Со оваа одлука престанува да важи Решението за именување национален координатор,членови и секретаријат на Меѓуминистерската работна група за имплементација на Националниот акционен план за интегрирано гранично управување во Република Македонија бр.19-4991/1 од 29.12.2005 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија."

Бр. 19-1740/1

07.04.2006 година

**Претседател на Владата**
**на Република Македонија**
**Д-р Владо Бучковски**